**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-5
27.01. **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5609/1 од 27.12.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година согласно Заклучокот бр.02-320/6 од 24.01.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон на начин што на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис, на 2-ри декември 2019 година, беа емитувани промотивни најави за играна програма, и тоа:

- „Пријатели (Friends)", емитувана во периодите од: 20:19:46 до 20:20:26 часот и од 21:13:36 до 21:14:16 часот;
- „На пат кон дното (Breaking Bad)", емитувана во периодите од: 20:20:26 до 20:20:56 часот, 21:14:16 до 21:14:46 часот и 23:31:02 до 23:31:36 часот;
- „Готика (Gothika)", емитувана во периодите од: 22:26:54 до 22:28:20 часот и 23:32:49 до 23:34:16 часот;
- „Голем грабеж (Armored)", емитувана во периодите од: 22:25:44 до 22:26:54 часот и 23:29:53 до 23:31:02 часот;
- „Бостонските светци 2: Денот на сите светци (The Boondock saints II: All saints day)", емитувана во периодот од: 23:34:44 до 23:35:58 часот; и
- „Однесени од бурата (Swept Away)", емтувана во периодот од 23:31:36 до 23:32:49 часот,

без да бидат означени со сигнализацијата за заштита на малолетни лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5609/1 од 27.12.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 27-ми декември 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис, емитуван на 2-ри декември 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, со надзорот е констатирано дека Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 2-ри декември 2019 година, беа емитувани промотивни најави за играна програма, и тоа: „Пријатели (Friends)", емитувана во периодите од: 20:19:46 до 20:20:26 часот и од 21:13:36 до 21:14:16 часот; „На пат кон дното (Breaking Bad)", емитувана во периодите од: 20:20:26 до 20:20:56 часот, 21:14:16 до 21:14:46 часот и 23:31:02 до 23:31:36 часот; „Готика (Gothika)", емитувана во периодите од: 22:26:54 до 22:28:20 часот и 23:32:49 до 23:34:16 часот; „Голем грабеж (Armored)", емитувана во периодите од: 22:25:44 до 22:26:54 часот и 23:29:53 до 23:31:02 часот; „Бостонските светци 2: Денот на сите светци (The Boondock saints II: All saints day)", емитувана во периодот од: 23:34:44 до 23:35:58 часот; и „Однесени од бурата (Swept Away)", емтувана во периодот од 23:31:36 до 23:32:49 часот, без да бидат означени со сигнализацијата за заштита на малолетни лица.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5609/1 од 27.12.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА

РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис на 02.01.2020 година, испрати Допис (наш арх.бр.03-5 од 02.01.2020 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5609/1 од 27.12.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. На 10.01.2020 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис, до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.14-65/2 од 10.01.2020 година (наш арх.бр.03-5 од 10.01.2020 година). Советот на Агенцијата на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писменото изјаснување при што заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година, согласно Заклучокот бр.02-320/6 од 24.01.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5609/1 од 27.12.2019 година.

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис;
- Овластеното лице – Директор на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис;
- Одговорното лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 27.12.2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 5609 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 декември 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 декември 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 декември 2019 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објави на програмите), емитуваните промотивни најави за играните програми „Пријатели (Friends)", „На пат кон дното (Breaking Bad)", „Готика (Gothika)", „Голем грабеж (Armored)", "Бостонските светци 2: Денот на сите светци (The Boondock saints II: All saints day)", "Однесени од бурата (Swept Away)", не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Пријатели (Friends)" | 20:19:46<br>21:13:36 | 20:20:26<br>21:14:16 |
| „На пат кон дното (Breaking Bad)" | 20:20:26<br>21:14:16<br>23:31:02 | 20:20:56<br>21:14:46<br>23:31:36 |
| „Готика (Gothika)" | 22:26:54<br>23:32:49 | 22:28:20<br>23:34:16 |
| „Голем грабеж (Armored)" | 22:25:44<br>23:29:53 | 22:26:54<br>23:31:02 |
| "Бостонските светци 2: Денот на сите светци (The Boondock saints II: All saints day)" | 23:34:44 | 22:35:58 |
| "Однесени од бурата (Swept Away)" | 23:31:36 | 23:32:49 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Промотивните најави за играната програма не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 2 декември 2019 година, емитуваше промотивни најави за играна програма без да бидат означени со сигнализацијата за заштита на малолетните лица.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***